УПАТСТВО

# Преземање сертификат користејќи Internet Explorer

Верзија: 4.0

Датум: 09.01.2018

103.10

**КИБС АД Скопје**

© 2017 КИБС АД Скопје, сите права задржани

http://www.kibstrust.mk

# Содржина


1. Подготовка за преземање сертификат ........ 2
2. Како да го преземам сертификатот? ........ 7
3. Како да проверам дека сертификатот е добро инсталиран? ........ 10
4. Како да направам безбедносна копија од сертификатот? ........ 14

## 1. Подготовка за преземање сертификат

Пред да ја започнете постапката за преземање на сертификат, потребно е да ги проверите поставувањата за нивото на безбедност (Security) во Вашиот веб прелистувач. За да не се појават одредени проблеми при преземање на сертификатот, препорачуваме да ја додадете веб страната https://e-shop.kibstrust.mk во листата на страни на кои им верувате (Trusted Sites) и да овозможите извршување на ActiveX контроли за таа зона.

За да ги поставите препорачаните нагодувања, следете ги следните чекори:

1. Од менито на прелистувачот кликнете на копчето **Tools** и селектирајте **Internet Options** (Слика 1):




**Слика 1**

2. Во новиот прозорец изберете ја картичката **Security.** Кликнете на **Trusted Sites**, а потоа кликнете на копчето **Sites** (Слика 2):




**Слика 2**

3. Во полето **Add this website to the zone** внесете: https://e-shop.kibstrust.mk и кликнете на копчето **Add** (Слика 3). Со тоа оваа веб страница ќе се појави во листата на страници на кои им верувате (**Websites**) како на Слика 4. Кликнете Close.




**Слика 3**




**Слика 4**

4. Во картичката **Security**, изберете **Trusted Sites** и кликнете на копчето **Custom Level…** (Слика 5):




**Слика 5**

5. Во рамките на **Reset Custom Settings** од листата **Reset to:** изберете **Medium** (средно ниво на безбедност) како на Слика 6. Со тоа се овозможува извршување на ActiveX контроли за веб страните на кои им верувате. Кликнете **OK** два пати.




**Слика 6**

6. Во Internet Explorer 11 потребно е во рамките на Compatibility View да се додаде доменот kibstrust.mk. За таа цел, од менито на прелистувачот изберете Tools->Compatibility View settings (Слика 7):




**Слика 7**

Во новото прозорче проверете дека во полето Add this website стои „kibstrust.mk“ и потоа кликнете Add (Слика 8):




**Слика 8**

За да ја завршите постапката кликнете Close (Слика 9):




**Слика 9**

За да се применат измените кои што ги направивте, Ве молиме затворете го веб прелистувачот, а потоа повторно отворете го. Сега сте спремни да го преземете Вашиот сертификат.

## 2. Како да го преземам сертификатот?

Од сертификати кои ги нуди КИБС ИС, сертификатите Verba Sign K1, Verba Sign Pro1 и Verba Seal S1 се генерираат на дискот на Вашиот компјутер.

За да преземете еден од горенаведените сертификати со користење на веб прелистувачот Internet Explorer, следете ги следните чекори:

7. Следете го линкот кој е наведен во електронската порака што ја добивте со известување дека вашето барање за сертификат е одобрено (https://e-shop.kibstrust.mk/raweb/verba.aspx). Доколку користите Internet Explorer 11 продолжете со чекор 2, во спротивно одете на чекор 3.
8. На веб страната (Слика 10) внесете:
    - Нарачка: внесете го бројот на нарачка кој ви е испратен во истата електронска порака;
    - E-mail: внесете ја e-mail адресата која ја наведовте во формуларот за барање за сертификат.

    Кликнете **Потврди.**




**Слика 10**

9. Ќе ви се отвори страната за потврда на податоците од регистрација (Слика 11). Проверете ги податоците, внесете **Фраза за автентикација** и кликнете **Потврди.**
10. По кликнување на **Потврди** ќе ви се јави порака како на **Error! Reference source not found.** У ште еднаш проверете ја e-mail адресата и кликнете **OK** ако сè е во ред.




**Слика 11**




**Слика 12**

11. Се појавува прозорче како на **Error! Reference source not found.** кое бара да потврдите дека дозволувате да се изврши операција поврзана со дигитални сертификати. Ова прозорче се појавува 2 пати и затоа потребно е 2 пати да кликнете **Yes**.




**Слика 13**

12. Започнува генерирањето на вашиот сертификат**. Ве молиме почекајте додека трае овој процес** (Слика 14).




**Слика 14**

13. На прозорчето со порака од Слика 15 кликнете **Yes.**




**Слика 15**

14. Ви честитаме, вашиот сертификат е успешно генериран и инсталиран (Слика 16)!




**Слика 16**

## 3. Како да проверам дека сертификатот е добро инсталиран?

По добивање на пораката дека Вашиот сертификат е успешно инсталиран, потребно е да проверите дали истиот е додаден во листата на персонални сертификати во веб прелистувачот. За да ја направите оваа проверка, извршете ги следните чекори:

1. Од менито на прелистувачот кликнете на копчето **Tools** и селектирајте **Internet Options** (Слика 17):




**Слика 17**

2. Во новиот прозорец изберете ја картичката **Content.** Во рамката **Certificates**, кликнете на копчето **Certificates** (Слика 18):




**Слика 18**

3. Доколку Вашиот сертификат е успешно инсталиран, тој ќе се наоѓа во листата на сертификати во картичката **Personal** (Слика 19):




**Слика 19**

Кликнете на **View** и ќе ви се прикаже нов прозорец во кој е даден преглед на подетални информации за истиот. Во картичката **General** (Слика 20) дадени се општите информации за сертификатот:

**Issued to:** Име на лицето на кое е издаден сертификатот

**Issued by:** Име на Издавачот на сертификати (KibsTrust Qualified Certificate Services)

**Valid from:** Датум на издавање **to:** датум на истекување на периодот на важење

Најдолу се наоѓа информацијата дека го поседувате приватниот клуч кој соодветствува на сертификатот: „**You have a private key that corresponds to this certificate**."




**Слика 20**

Во картичката **Certification Path** (Слика 21) се прикажуваат коренските сертификати со кои е потпишан Вашиот сертификат. Проверете дали се прикажуваат трите коренски сертификати: **VeriSign Class 2 Public Primary Certification Authority – G3, KibsTrust Certification Authority и KibsTrust Qualified Certificate Services**. Во долниот дел од картичката **Certification Path** се наоѓа информација за статусот на сертификатот. Доколку вашиот сертификат е добро инсталиран, тогаш ќе стои пораката: „**This certificate is OK.**"




**Слика 21**

## 4. Како да направам безбедносна копија од сертификатот?

Вашиот сертификат е инсталиран на дискот на Вашиот компјутер и истиот може да биде избришан при појава на грешки во оперативниот систем или откажување на хардверот на Вашиот компјутер. За да го заштитите Вашиот сертификат во вакви ситуации, **потребно е да направите безбедносна копија од сертификатот, односно да го експортирате во .PFX датотека**.

За да направите безбедносна копија од Вашиот сертификат треба да ги извршите следните чекори:

1. Од менито на прелистувачот кликнете на копчето **Tools** и селектирајте **Internet Options** (Слика 22):




**Слика 22**

2. Во новиот прозорец изберете ја картичката **Content.** Во рамката **Certificates**, кликнете на копчето **Certificates** (Слика 23):




**Слика 23**

3. Од картичката **Personal**, изберете го Вашиот сертификат и кликнете на копчето **Export** (Слика 24):




**Слика 24**

4. Со притиснување на копчето **Export** се отвора волшебник (Wizard) кој ќе Ве води низ постапката за експортирање сертификат (Слика 25). За да продолжите кликнете **Next**:




**Слика 25**

5. Изберете ја опцијата „**Yes, export the private key**" (Слика 26). Кликнете **Next** да продолжите:




**Слика 26**

6. Изберете .PFX формат за датотека во кој ќе се експортира сертификатот и изберете да се експортираат и коренските сертификати (Слика 27). Кликнете **Next** да продолжите:




**Слика 27**

7. Внесете лозинка со која ќе го заштитите приватниот клуч (Слика 28). **Поставената лозинка ја знаете само Вие, Ве молиме да ја запаметите или да ја запишете на безбедно место!** Кликнете **Next** да продолжите:




**Слика 28**

8. Внесете локација и име на датотеката во која ќе го експортирате сертификатот (Слика 29). Кликнете **Next** за да продолжите:




**Слика 29**

9. Во следниот прозор добивате краток преглед поставувањата што ги направивте (Слика 30). Кликнете на копчето **Finish** за да ја завршите постапката за експортирање сертификат:




**Слика 30**

10. Ќе добиете порака дека успешно го експортиравте Вашиот сертификат (Слика 31):




**Слика 31**

**ВАЖНО**: **.PFX датотеката во која е експортиран Вашиот сертификат и лозинката зачувајте ги на безбеден надворешен медиум (надворешен хард диск, USB flash меморија, CD/DVD...)!**

* * *